## За кого се наменети Службите за застапување во врска со згрижување на постари лица?

Застапувањето им стои на располагање на луѓе што примаат услуги за згрижување на постари лица.

Тука спаѓаат луѓето што:

- живеат во старечки дом или во хостел
- добиваат пакет за нега на постари лица во заедницата (community aged care package) (поддршка дома)
- добиваат приспособлива нега (flexible care)
- биле оценети од Тим за оценување на постари луѓе (Aged Care Assessment Team (ACAT))
- порано добивале услуги за нега за постари лица или
- ги претставуваат интересите на лицето што добива услуги за нега за постари лица.

**ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ВРСКА СО ЗГРИЖУВАЊЕТО НА ПОСТАРИТЕ ЛИЦА**

Бесплатна и доверлива служба што се залага за правата на луѓето што добиваат услуги за згрижување на постари лица

**Бесплатен повик 1800 700 600**

## Како да стапите во контакт со Службите за застапување

Можете да стапите во контакт со Службите за застапување (Advocacy Services) ако се јавите на бесплатната **Национална линија за застапување во врска со згрижување на постари лица (National Aged Care Advocacy Line)** на

**1800 700 600**

Ве молиме запомнете дека овој број не може да се добие од мобилни телефони и во некои главни градови - за други контактни поединости јавете се на **Информативната линија за згрижување на постари лица и нега во заедницата (Aged and Community Care Information Line)** на

**1800 500 853**

Повеќе информации во врска со застапувањето и со правата во однос на згрижувањето на постарите лица, вклучувајќи и целосна Повелба што ги наведува вашите права, може да се добијат од местото на интернет

**www.health.gov.au**

Националната програма за застапување во врска со згрижувањето на постари лица (National Aged Care Advocacy Program) ја финансира Владата на Австралија преку Сојузниот оддел за здравје и постари лица (Australian Government Department of Health and Ageing).

MACEDONIAN

Australian Government
Department of Health and Ageing

# Застапување во врска со згрижување на постари лица

National Aged Care Advocacy Program

**Бесплатна и доверлива служба што се залага за правата на луѓето што добиваат услуги за згрижување на постари лица**

## Кои се правата на луѓето што добиваат услуги за згрижување на постари лица?

Сите ние имаме права, без оглед на тоа каде живееме или колку помош ни е потребна.

Ако живеете во старечки дом (nursing home) или во хостел (hostel), или ако добивате услуги за згрижување на постари лица во вашиот сопствен дом, имате права - вклучувајќи ги и следните права:

- да имате контрола над вашиот живот, вашите пари и вашиот имот
- да имате приватност
- кон вас да се однесуваат со достоинство и почит
- да добивате квалитетна нега што ги задоволува вашите потреби
- да бидете информирани за вашите права, нега, сместување и цени
- да се жалите и да преземете чекори за да решите било каков проблем
- да добиете поддршка за застапување

## Кој ве поддржува вас и вашите права?

Ако мислите дека вашите права не се почитуваат, може ќе ви треба поддршка за да го кажете тоа или да поднесете жалба. Во секоја држава и територија има независни Служби за застапување (Advocacy Services) што можат да ви помогнат.

Службите за застапување се организации во заедницата што ги финансира Владата на Австралија во рамките на Националната програма за застапување во врска со згрижувањето на постари лица (National Aged Care Advocacy Program). Услугите што се пружаат преку Програмата се бесплатни и доверливи.

## Како работат застапниците (Advocates)?

Застапник е некое лице што стои покрај вас и работи исклучиво во ваша корист и според вашите упатства.

Тие ги слушаат вашите грижи, ви даваат информации и зборуваат во ваше име ако вие го сакате тоа. Пред да преземат некое дејствие, тие ќе бараат одобрение од вас.

Застапниците можат:

- да ве поддржат да зборувате во свое име
- да зборуваат во ваше име со организациите и лицата што пружаат услуги и со други агенции, на пример, со Постапката за решавање на поплаки (Complaints Resolution Scheme) за она што ве загрижува
- да ве упатат до други агенции кога е потребно.

## Што можат да сторат Службите за застапување?

Службите за застапување можат:

- да ви дадат информации и совети во врска со вашите права и должности
- да ве поддржат да учествувате во донесувањето одлуки што влијаат врз вашиот живот
- да ви помогнат да решите проблеми или поплаки во врска со услугите за згрижување на постари лица
- да ги унапредуваат правата на постарите луѓе во пошироката заедница.